Безбедноста и здравјето при работа се грижа на сите. Тие се добри за вас. Добри се за бизнисот.

Европска Агенција
за Безбедност и Здравје
при Работа

Здрави работни места

# Безбедна и здрава работа во дигиталната ера



## Кампања за здрави работни места 2023-2025

Додека брзата дигитализација на работните места создава многубројни нови можности за ефикасност и продуктивност, таа донесе и нови предизвици за безбедноста и здравјето при работа (БЗР). Овие ризици треба соодветно да се оценат и управуваат за да се обезбеди работниците во Европа да ги извршуваат своите активности на безбеден и здрав начин. Кампањата за здрави работни места 2023-2025 „Безбедна и здрава работа во дигиталната ера“, организирана од Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), има за цел подигнување на свеста за влијанието на дигиталните технологии врз работата и работните места и начините за справување со нив.

www.healthy-workplaces.eu

#EUhealthyworkplaces

## Справување со предизвиците и можностите на дигитализацијата

Дигитализацијата има голем потенцијал за подобрување на здравјето и безбедноста на работниците. Дигиталните технологии помагаат во автоматизирањето на повторливите задачи, намалувањето на физичкото напрегање и подобрувањето на ергономијата. Роботиката и вештачката интелигенција (AI) можат да ги поддржат вработените во опасни работни средини. Работата на далечина овозможува флексибилност и создава подобра рамнотежа меѓу работата и приватниот живот. Меѓутоа, овие технологии може да доведат и до физичко напрегање и мускулоскелетни нарушувања ако се користат подолги периоди, како и до ситуации на засилен стрес, социјална изолација или нарушено психосоцијално здравје.

Предностите на дигитализацијата може да се уживаат само ако соодветно се управува со ризиците. Цел на кампањата е да се зголемат знаењата за важноста на БЗР во дигиталната ера и да се обезбеди на работното место да се спроведува пристап фокусиран на човекот кон дигитализацијата на работното место.

**Дигиталните технологии на работното место се безбедни и корисни за работниците сè додека соодветно се оценуваат и управуваат потенцијалните ризици.**

## Приоритетни области

Кампањата е структурирана околу пет приоритетни области идентификувани преку истражување на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), вклучително и Прегледот на БЗР 2020-2023 во однос на дигитализацијата и студиите за нејзините предвидувања. Во нивни рамки се истражуваат можностите што произлегуваат од дигиталните технологии, истовремено зафаќајќи се со сите потенцијални предизвици:

- работа со дигитални платформи,
- автоматизација на задачите,
- далечинска и хибридна работа,
- управување со работниците преку вештачка интелигенција и
- паметни дигитални системи.

Со фокусирање на овие приоритетни области, промовирање на добрата практика и подигнување на свеста за значењето на темата, на сите работници во Европската Унија може да им се понуди побезбедна, поздрава и поодржлива средина за дигитална работа.

**Вклучете се! Учествувајте во доделувањето Награди за добра практика за здрави работни места или во Европските недели за безбедност и здравје на работа во вашата земја.**

© Европска агенција за безбедност и здравје на работа, 2024
Репродукција се дозволува доколку се наведе авторот.

Европска Агенција за Безбедност и Здравје при Работа

Здрави работни места

Print: ISBN 978-92-9402-278-3, doi:10.2802/329, TE-04-23-454-MK-C · PDF: ISBN 978-92-9402-283-7, doi:10.2802/200891, TE-04-23-454-MK-N